# Ефектите од ковид-19 врз текстилната индустрија

## Број на невработени лица по години и возраст

Вкупниот број на нови невработени лица во 2020 година во однос на 2019 година се зголемил за 128%. Конкретно, во 2020 година има 6783 нови невработени лица. За споредба, во 2019 година имало 2971.




**15%** Учество на младите во невработеноста

*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

## Преглед на невработени лица по општини и по години







*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Речиси во сите општини бројот на нови невработени лица по основ на одјавување од задолжително социјално осигурување кои доаѓаат од текстилната индустрија се зголемува. Петте општини со највисок пораст на невработеноста се: Штип, Тетово, Скопје, Прилеп и Куманово.

Кај младите лица до 29 години, бројот на невработени исто така зе зголемува Петте општини со највисок пораст на невработеноста кај младите се: Штип, Струмица, Радовиш, Прилеп и Кочани.

## Број на нови невработени по основ на раскинување по години

Најчеста основа за прекинување на работниот однос во текстилната индустрија, во последните 5 години е истекот на определено време. Во 2020 година овој основ бележи раст од 123 %. Во овој период најголем раст за раскинување на договорот за вработување е присутен кај основот отказ на работодавачот и истиот изнесува 174%.




*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

Најчест основ за престанок на работниот однос во текстилната индустрија кај младите до 29 години, пред и за време на кризата е истекот на определено време. Порастот на овој основ во 2020 година во споредба со 2019 година е 165.5%. Сепак најдоминантен пораст за престанок на работниот однос во 2020 во споредба со 2019, бележи основот отказ од работодавачот со пораст од 234%, а потоа следи основот отказ од самиот работник со пораст од 225%.




*Извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

*Материјалот е изработен во рамки на проектот „Одговор на социо-економските ефекти од КОВИД-19 преку поддршка на ранливите групи на нископлатени работници, работници кои се дел од неформалната економија и привремено вработени работници", што го спроведува конзорциум од 6 организации составен од: Институт за економски истражувања и политики Finance Think - Скопје; Здружение за истражување и анализи ЗМАИ - Скопје; Аналитика - Скопје; Здружение Гласен текстилец - Штип; Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците Достоинствен Работник - Прилеп; и Здружение за рурален развој ЛАГ Агро Лидер - Кривогаштани, со финансиска поддршка на Фондацијата Отворено општество – Македонија.* Содржината на материјалот е единствена одговорност на авторите од ЗМАИ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

*Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество - Македонија*